# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| ”Службен гласник на Општина Ѓорче Петров”<br>Излегува по потреба | 04. Декември .2006 год.<br>Скопје<br>Бр. 10 Год. I |

www.opstinagpetrov.gov.mk opstinagpetrov@yahoo.com


Скопје, Декември 2006 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за распишување на референдум за воведување на самопридонес**

Се објавува Одлуката за распишување на референдум за воведување на самопридонес, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесет и шесттата Седница на Советот, одржана на ден 30.11.2006 година.

**Број 08-2637/1**
**од 04.12.2006 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните(Службен Весник на РМ бр.81/05) и  член 7 од  Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен Весник бр.61/04) и согласно член 54 од Статутот на Општина Ѓорче Петров ( Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006) Советот на Општина Ѓорче Петров на 36-тата седница одржана на ден 30.11.2006 година, донесе

# О Д Л У К А
## За распишување на референдум за воведување на самопридонес

### Член 1

Советот на Општина Ѓорче Петров по своја иницијатива распишува Референдум за воведување на самопридонес за изградба на фекална канализациона мрежа за населените места Волково,Кисела Јабука,Волково-Пржина и Стопански двор.

### Член 2

Референдумот се распишува за дел од територијата на Општина Ѓорче Петров т.е за населените места наведени во член 1 од оваа Одлука за претходно изјаснување за учество со сопствени средства во изградба на на фекална канализација .

### Член 3

На Референдумот граѓаните од населените места Волково,Кисела Јабука,Волково-Пржена и Стопански двор ќе се изјаснат за прашањето:***Дали сте согласни да учествувате со сопствени средства во изградбата на фекалната канализациона мрежа во Вашето населено место***

***ЗА***                                                    ***ПРОТИВ***

### Член 4

Референдумот ќе се спроведе на начин и постапка утврдена со Законот за Референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните.

**Член 5**

Рефертендумот ќе се одржи на ден 21.01.2007 година.

**Член 6**

Референдумот ќе го спроведе Општинската изборна комисија.

**Член 7**

Средствата потребни за спроведување на Референдумот ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службениот гласник на Општина Ѓорче Петров.

**Број 07-2541/3**
**30.11.2006 година**
**С к о п ј е**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Ангелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за измени и дополнување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2006 година**

Се објавува Одлуката за измени и дополнување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2006 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесет и седмата Седница на Советот, одржана на ден 30.11.2006 година.

**Број 08-2637/2**
**од 04.12.2006 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на Р.М. бр. 5/2002 ), член 16 став 1 точка 2 и член 28 од Статутот на Општина Ѓорче Петров ( Сл. гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 37-та Седница одржана на 30.11.2006 година, донесе:

**О д л у к а**
**За Измени и дополнување на Буџетот**
**на Општина Ѓорче Петров за 2006 година**

**1. Општ дел**

**Ч л е н 1**

Во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2006 година (в Сл. гласник на Град Скопјев бр. 1/2006 ) се вршат измени во Посебниот дел.

Измените на расходите по основни намени и програми се врши во :

**Програм А0 - Совет ,** во колона буџет,

| | **Стои** | **Треба да стои** |
|---|---|---|
| -конто 401390 - Други надоместоци | 5.700.000 | 5.948.000 |
| 401520 - Персон.дан.од надом. | 1.010.000 | 1.042.000 |

**Програм Д0 - Градоначалник,** во колона буџет,

| | | |
|---|---|---|
| -се додава ново конто | | |
| 402110 - Придонес.за ПИО | 0 | 120.000 |

**Програм Ф2 - Уредув.на град.земјиште** во колона буџет

| | | |
|---|---|---|
| - конто 425940 - Рушење на објекти | 400.000 | 0 |

**Ч л е н 2**

Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2006 година влегуваат во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општината, а ќе се применуваат од 01 Јануари до 31 Декември 2006 година.

**Број 07- 2587/3**
**30.11.2006 година**
**С к о п ј е**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

# Содржина

## Општина Ѓорче Петров

1. Одлука за распишување на референдум за воведување на самопридонес. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр. 3

2. Одлука за измени и дополнување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2006 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр. 6

Издавач: Општина Ѓорче Петров
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи
и работа со Советот
ул.Ѓорче Петров бб.тел.02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309
Тираж:50 примероци